**20250621304**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА**

Врз основа на член 45 став (6) и (7) од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 3/25), министерот за дигитална трансформација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА ЛИСТАТА НА СРЕДСТВА ЗА СОЗДАВАЊЕ НА КВАЛИФИКУВАН ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИС ИЛИ КВАЛИФИКУВАН ЕЛЕКТРОНСКИ ПЕЧАТ, НАЧИНОТ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА РЕГИСТРАЦИЈА ВО ЛИСТАТА, ПОТРЕБНИТЕ ДОКУМЕНТИ СО БАРАЊЕТО, НАЧИНОТ НА РЕГИСТРАЦИЈА ВО ЛИСТАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА СООБРАЗНОСТ НА СРЕДСТВО ЗА СОЗДАВАЊЕ НА КВАЛИФИКУВАНИ ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИСИ ИЛИ ЕЛЕКТРОНСКИ ПЕЧАТИ И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНО ИЗДАВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и начинот на водењето на листата на средства за создавање на квалификуван електронски потпис или квалификуван електронски печат (во натамошниот текст: Листата), начинот на поднесување на барањето за регистрација во Листата, потребните документи со барањето, начинот на регистрација во листата  и содржината на потврдата за сообразност на средство за создавање на квалификувани електронски потписи или електронски печати и начинот на нејзино издавање.

Член 2

Листата ги содржи следните податоци:

1) приемен број на барањето за регистрација во Листата;

2) опис и назив на средството за создавање на квалификуван електронски потпис или квалификуван електронски печат;

3) податоци од подносителот на барањето за регистрација во Листата - давателот на квалификувана доверлива услуга:

- име на производителот на средството за создавање на квалификуван електронски потпис или квалификуван електронски печат;

- податоци за увозникот на средството за создавање на квалификуван електронски потпис или квалификуван електронски печат и

- седиште на подносителот на барањето за регистрација на Листата (улица и број, место, поштенски број и држава);

4) име на лабораторијата за оценување на сообразноста на средствата за создавање на квалификуваните електронски потпис или квалификуван електронски печат;

5) податоци за потврдата за сообразност на средствата, односно потврда за оценка за сообразност на средствата, односно датум и број на издадената потврда за сообразност на средствата;

6) број и датум на решението за упис во Листата;

7) податоци за упис на промена во Листата:

- датум и број на решението за упис на промената во Листата и

8) податоци за бришење од Листата:

- датум и број на решението за бришење на промената во Листата.

Член 3

Листата која се води од Министерството за дигитална трансформација (во натамошниот текст: Министерството) е во електронска форма која е погодна за автоматска обработка и истата е потпишана со електронски потпис или запечатена со електронски печат на Министерството.

Листата која ја објавува Министерството е во форма, формат и начин определен со стандардот ETSI TS 119 612.

Од страна на Министерството се обезбедува високо ниво на достапност и точност на објавената листа, како и следење и имплементација на постоечките технички стандарди.

Листата која ја објавува Министерството е во PDF формат, согласно ISO 32000, форматирана согласно ISO 19005.

Член 4

Барањето за регистрација во Листата кое се поднесува од страна на давателот на квалификувана доверлива услуга до Министерството по електронски пат, е дадено во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Во прилог кон барањето од став 1 на овој член се доставува и документацијата која се поднесува во оригинал или во дигитализирана форма, согласно одредбите од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

Барањето од став 1 на овој член може да се поднесе и во хартиена форма во архивата на Министерството, а документацијата која е прилог кон барањето се поднесува во оригинал или заверена копија.

Барањето од став 1 на овој член е јавно достапно на веб-страницата на Министерството.

Член 5

Подносителот кон барањето за регистрација во Листата приложува:

- потврда за сообразност на средствата за издавање на квалификувани електронски потпис или квалификуван електронски печат издаден од страна на акредитирана лабораторија за тестирање и
- потврда за платена административна такса, во согласност со Законот за административните такси.

Член 6

Потврдата за сообразност на средства за создавање на квалификуван електронски потпис или квалификуван електронски печат се издава од страна на акредитирана лабораторија за тестирање на начин и во постапка определена со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

Потврдата за сообразност на средства за создавање на квалификуван електронски потпис или квалификуван електронски печат ги содржи следните податоци:

- назив на лабораторијата за тестирање;
- датум на извршено тестирање;
- средство за создавање на квалификуван електронски потпис или квалификуван електронски печат, предмет на тестирање;
- оценка за сообразност од извршено тестирање;
- давател на квалификувана доверлива услуга за чии потреби е извршено тестирање на сообразност на средството;
- технички стандарди кои ги исполнува средството;
- датум на издавање на потврдата за сообразност и
- период на важност на потврдата за сообразност.

Член 7

По спроведување на оценувањето на сообразноста телото за оценување на сообразноста издава потврда за оценување на сообразноста, која содржи:

1) податоци за идентификација на субјектот кој се оценува, и тоа:
- цело име на правното лице;
- единствен матичен број на субјектот (ЕМБС);
- единствен даночен број (ЕДБ) и
- седиште (улица и број, место, поштенски код и држава);

2) податоци во врска со квалификуваните доверливи услуги кои ќе ги обезбедува давателот на квалификувани доверливи услуги;

3) оценката за сообразност на самиот давател на квалификувана доверлива услуга и на квалификуваните доверливи услуги кои ги обезбедува, а во која се наведува барањето каде што се оценувањата (во однос на прописи и стандарди) и постапката за оценување која се применува;

4) заклучок каде што јасно се искажува дали се исполнети условите од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги и други предвидени стандарди и документи за давање на наведената доверлива услуга и

5) период на важност на потврдата.

Член 8

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за содржината и начинот на водењето на листата на средства за создавање на квалификуван електронски потпис или квалификуван електронски печат, начинот на поднесување на барањето за регистрација во листата, потребните документи со барањето, начинот на регистрација во листата и содржината на потврдата за сообразност на средство за создавање на квалификувани електронски потписи или електронски печати и начинот на нејзино издавање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 274/19).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-219/3
17 март 2025 година
Скопје

Министер
за дигитална трансформација,
**Стефан Андоновски**, с.р.

Прилог

Барање за регистрација во
Листата на средства за создавање на квалификуван електронски потпис или квалификуван електронски печат

| Податоци за подносителот на барањето – давател на квалификуваната доверлива услуга | |
|---|---|
| Целосен назив на подносителот на барањето и ЕМБС | |
| Седиште на подносителот на барањето (улица и број, место, поштенски број и држава) | |
| Податоци за барањето | |
| 1. Упис<br>2. Промена<br>3. Бришење | |
| Податоци за средството – предмет на барањето за упис во Листата | |
| Име на производителот на средството за создавање на квалификуван електронски потпис | |
| Име на производителот на средството за создавање на квалификуван електронски печат | |
| Податоци за увозникот на средството за создавање на квалификуван електронски потпис | |
| Податоци за увозникот на средството за создавање на квалификуван електронски печат | |
| Опис и назив на средството за создавање на квалификуван електронски потпис | |
| Опис и назив на средството за создавање на квалификуван електронски печат | |
| Податоци за сообразност на средството – предмет на барањето за упис во Листата | |
| Име на лабораторијата за оценување на сообразноста на средствата за создавање на квалификуван електронски потпис или квалификуван електронски печат | |
| Податоци за потврдата за сообразност на средствата, односно датум и број на издадената потврда за сообразност на средствата | |
| Податоци за потврда за оценка за сообразност на средствата (стандарди кои ги исполнува средството) | |